УДК: 165.65 : 168

# КРИТИКАТА НА МЕТОДОТ: ВИКО И ΦΡΟΝΗΣΙΣ

**Јасмина Поповска**

ТЕМАТ

(**Abstract**)

By criticizing the geometrical method, which tends to be the only instrument, not only in the sciences, but also within all domains of human life, Vico returns to Aristotle's φρόνησις. In his early works where he sketches the basic principles of his "New Science", he sets φρόνησις both as a principle of humanistic education, as well as a basis for human behavior. According to him, "the deeds of men cannot be assessed by a straight and unbending rule of the mind; they must be viewed according to the supple Lesbic rule, which does not conform bodies to it, but alters itself according to them" (*De Nostri*, VII, 34).

In this text, the concept φρόνησις in the early works of Vico will be examined through several aspects: the ethical function of φρόνησις, the function of φρόνησις in the critique of the geometrical method, verum-factum and φρόνησις, ingenium and φρόνησις, ars topica and φρόνησις, providence and φρόνησις. Through these thematic points, the characteristics of φρόνησις in Vico's works will be drawn, which will show his strategy in the battle against "the barbarism of the intellect".

Почетокот на диференцирањето на методите што се употребуваат при испитување на сознанијата кои директно се однесуваат на човековото искуство не треба да се поврзува, иако многу често тоа се прави, со Дилтај. Критичка дистанција кон новиот „геометриски метод“ на „модерното време“ се создава уште во екот на неговата употреба, во делата на Џамбатиста Вико (1668–1744), дела чија важност се открива многу подоцна од нивното прво појавување. Од XIX век, кога се појавуваат првите преводи на овие дела, особено на

*Нова наука* (Scienza Nuova), па сè до денес, ставовите на Вико вршат големо влијание во преиспитувањето на методологијата на хуманистичките и општествените науки. Проучувањето на човекот според картезијанскиот методолошки модел на науките, и покрај тоа што во сферата на природните науки овој модел е особено успешен, според Вико, е погрешна аналогија која не соодветствува на човековата реалност. Особено привлечната нововековна идеја дека човекот е микрокосмос во однос на големиот механички универзум, треба да биде отфрлена. Додека, од една страна, Декарт како филозофска основа ги зема претпоставките дека геометријата е новиот модел на знаење и дека основниот критериум на вистината е извесноста достигната преку активноста на разумот, Вико, од друга, ја воспоставува ефективноста на „неизвесната“ вистина, го препорачува приспособувањето според принципите на φρόνησις (prudentia, практичката мудрост) и ја афирмира вредноста на реториката.

Образованието е првата и клучна фаза од која треба да започне ревидирањето на методологијата за проучувањето на човекот. Вико гради цврста стратегија во одбрана на хуманистичкото образование кое ги поттикнува имагинацијата и меморијата, а кои се исклучително важни за учењето, сложеното размислување и за откривањето на вистината. Тој се повикува на античката традиција на реториката која тргнува од конкретната ситуација и која доаѓа до познание само на веројатното, токму преку имагинацијата и меморијата. Според Левин, инсистирањето на афиримацијата на оваа традиција кај Вико доаѓа од два разлога: прво, затоа што имагинацијата природно му претходи на разумот во развојот на детето, и второ, поради важноста на реториката за општествениот живот и веројатното знаење – единственото знаење во светот на искуството (Levin, 65).

Како најзначаен аспект во градењето на хуманистичките идеи, како на истражувачки, така и на образовен план, е тенденцијата да се инкорпорира φρόνησις – мостот меѓу умот и искуството, во сите сфери на проучување и дејствување. Хуманистичката идеја која ја носи φρόνησις, според Вико, е исклучително значајна во борбата против „варваризмот на интелектот“ (*SN*, I. 159), состојба која, според неговите предвидувања, е неизбежно да се случи. Единствениот соодветен увид во сегашната ситуација може да се случи откако ќе се

проследат различните пројави на φρόνησις и мудроста во различни историски периоди, и откако ќе се направи скица на нивната подлежечка структура. Вико сака во луѓето да ги врати φρόνησις и умереноста од раната доба[1], во еден нов контекст.

Во генерални црти, кај првиот антимодернист во западниот свет – Вико (cf. Lilla, 1993), φρόνησις го претставува концептот на хуманизмот.

## Методот, етиката и φρόνησις

Дискусијата за методот, сфатен во најширока смисла, и како пат по кој ќе тргнеме во нашите проучувања, во нашето воспитание, и воопшто во нашето поведение, е централната тема на раните дела на Вико. Прашањата: Кој метод на проучување е подобар, нашиот или античкиот? Дали да се застане на страната на Кикерон или на Арно? Вико ги поставува во неговото рано дело од 1709 година – *За методот на проучување во нашето време* (De nostri temporis studiorum ratione). Античкиот метод е референтниот метод со кој Вико го споредува модерниот. Модерниот метод е опремен со „инструменти“ на „филозофска критика“ и „аналитичка геометрија“, и е моделиран според физиката. Ваквиот „геометриски метод“, според Вико, не може, иако сака, да претендира да биде единствен инструмент во рамки на сите домени на човековото испитување. Во ова, и во уште едно рано дело *За најстарата мудрост на Италијанците откриена во потеклото на латинскиот јазик* од 1710 (De antiquissima Italorum sapientia ex linguae latinae originibus eruenda), Вико го критикува картезијанскиот метод кој ја потценува улогата на нарацијата, убедувањето и уживањето во учењето. Генерално, Вико смета дека еден од најголемите недостатоци на модерното време е образованието кое е насочено кон истражување на физичките феномени и во кое е занемарено етичкото образование. Занемарено е испитувањето на

[1] Вико праасликата за φρόνησις ја наоѓа во Јупитер (Ious од каде доаѓа и ius – „право“; како што во филолошка смисла се блиски – prudentia и jurisprudentia, за Вико е особено значајна непосредната концептуална врска на φρόνησις и правото. Види Verene, 2008 за тезата дека кај Вико prudentia е jurisprudentia). Тој смета дека токму под негова закрила првите луѓе станале φρόνιμοι. Како што рационалните филозофи ја добиваат φρόνησις како еден вид на ситуациско „читање“, така и првата φρόνησις претставувала директно читање од небото со цел соодветно да се дејствува (Miner, 2002, 11). Многупати, како пример за φρόνιμος го наведува Улис.

човековиот карактер, неговите способности, страстите, и начинот на кој овие фактори се приспособуваат на јавниот живот и на реториката (*De Nostri*, VII, 33). Така, критиката на геометрискиот метод Вико не ја дава само на ниво на проучување, туку и на ниво на дејствување. Вико вели: „Доколку го воведеме геометрискиот метод во практичниот живот, ќе се истоштиме, станувајќи рационален лудак" (*DA*, VII. 5). Кога би се вовел геометрискиот метод и во практичната сфера, според Вико, би требало да се признае дека желбите, непромисленоста, случајноста и среќата не владеат со човечките нешта и дека може да се повлече права линија низ кривините на животот. Затоа, Вико е дециден: етиката не може да стане егзактна наука.

И покрај тоа што не ги негира во целост придобивките од модерниот метод, сепак, Вико за клучните етички прашања се навраќа кон еден антички концепт – еден Аристотелов принцип, φρόνησις. Современиците, според него, ја негуваат тенденцијата да ја минимизираат или да ја елиминираат потребата од доблестите во етиката, особено од практичката мудрост – φρόνησις.

Аристотеловата дистинкција на практичното и на теоретското познание, а со тоа и на практичките и на теориските доблести, е инспирација за Вико. Практичката мудрост, разборитоста, имено φρόνησις е поинаков вид на интелектуална доблест. Според Аристотел, φρόνησις претставува расудувачка доблест која како разумска диспозиција е предуслов и дополнување на моралните доблести кои произлегуваат од неразумскиот дел на душата, како на пример, праведноста, пријателството, умереноста. Практичката мудрост е доблест со која индивидуата се оспособува во секој поединечен случај да го најде оптималниот избор за дејствување и која во задницата ја има генералната слика за среќен, евдајмоничен живот, крајната цел на човековото дејствување според Аристотел. Преку овој концепт Вико ја критикува картезијанската тенденција етиката да се заснова на универзални и математички точни принципи. Вико смета дека нештата кои влегуваат во дејствувачката сфера се детерминирани од случајноста и од изборот кои сами по себе се непредвидливи и затоа дејствувањето во животните ситуации мора да ја земе предвид значајноста на единечните настани и нивниот контекст. Според него, „делата на луѓето не можат да се оценува-

ат низ цврстото и нефлексибилно владеење на умот; тие мора да се мерат со приспособливиот лезбиски линијар, кој не ги приспособува телата според него, туку се менува според нив“ (*De Nostri,* VII, 34). Вико се повикува на метафората за линијарот од Лезбос употребена во *Никомахова етика* (*NE*, 1137b28-31) каде Аристотел ја истакнува значајноста на флексибилноста, во овој конкретен дел од делото, флексибилноста во контекст на правичноста. Природата на она што е неограничено, како што е правичното, а и воопшто на етичкото, има и неопределен канон. Φρόνησις, доблеста која треба да произлезе од неизвесната животна реалност, е најсоодветниот „линијар“ за „премерување“ на дејствувањето.

Вико ги спротивставува апстрактното мислење/науката и φρόνησις и нивната разлика ја согледува во следната дистинкција: успешноста на науката се состои во редуцирањето на мноштвото физички последици за да се дојде до единствената причина; додека успешноста на φρόνησις се состои во откривањето на најголем можен број причини кои би можеле да предизвикаат еден настан, а потоа и во претпоставувањето која од нив е вистинската. Според ова, апстрактното знаење се стреми кон највисоките вистини, додека φρόνησις кон најниските. Највисоките се вечните и непроменливи вистини, додека најниските се оние чија вистинитост се менува од момент во момент. Во човековата сфера на неизвесност, стекнувањето на најниските вистини е од најголема важност. Врз основа на оваа дистинкција тој ги создава четирите профили на луѓе: будала (stultus), лукав незнајко (illiteratus astutus), непрактички мудар зналец или неразборит мудрец (doctus imprudentis) и мудрец (sapiens).

Во дејствувањето на будалата не се води сметка ниту за возвишените, ниту за вистините од понизок ред. Имено, тој нема познание ниту за генералните правила, ниту за поединечните случаи. Лукавиот незнајко ги забележува оние вистини од понизок ред, но нема способност да ги забележи возвишените. Тој е успешен во секојдневните и краткотрајни цели, затоа што ги познава поединечните случаи, но не и општите. Непрактичкиот мудрец ги извлекува најниските вистини, почнувајќи од највисоките. Во овој профил Вико ја илустрира практичната бесмисленост на етиката која се заснова на математички императиви. Овој вид на човек смета дека доброто

дејствување се состои во точно меморизирање на математички заснованите етички императиви, бавно просудува поради екстремната аналитичност, не развива синтетички и креативни способности, аргогантно се поставува и, за Вико особено значајното, не знае да убеди. Оние без реторичка способност, во најширокото значење на реториката, не се способни да комуницираат со својата мудрост и со нејзина помош да прават партикуларни дистинкции. Овој непрактички мудрец не може да го препознае доброто во поединечните случаи затоа што е опремен само со општите методи и прирачници кои ги знае напамет. Како и Аристотел, и Вико смета дека примарната функција на правилата е педагошка, и според Аристотел, погодна само за децата и за сѐ уште неискусните.

Истовременото поседување на општото и на посебното го има само мудрецот и тој може да се движи од најниските кон највисоките вистини.

> Мудреците (sapientes), кои и покрај сите кривини и неизвесности на човековите дејствувања, целат кон вечната вистина, одат по заобиколни патишта, затоа што не може да одат по правите; тие ги извршуваат плановите кои се најдобри на подолг рок, колку што дозволува природата на нештата (*De Nostri*, VII, 35).

Тие попрво имаат способност да ја употребат својата имагинација да откријат нови начини на кои може да се види одреден контекст, отколку да критикуваат некој постоечки став. Одењето по заобиколните патишта за Вико не значи дека мудрецот не поседува константност во однесувањето. Тој го зема стоичкиот идеал според кој дејствителната константност означува константност кон себеси како дејствител во секоја ситуација со која се соочува. Во рамки на човековите нешта, φρόνιμος (практичниот мудрец), заедно со возвишената мудрост, се врвни авторитети:

> Постојат три вида авторитет. Првиот е божествениот и тој не треба да се објаснува затоа што се темели на објава. Вториот е херојскиот, кој се заснова целосно на возвишените определби на законите. Третиот е човечкиот, кој се заснова на вербата доверена на искусните луѓе, на луѓето со поединечна φρόνησις во практичните нешта и на возвишената мудрост во интелектуалните нешта (*SN*, IV. 942).

Според Вико, оваа мудрост е еден вид мешавина на Платоновата „езотерична мудрост" и „здраворазумската мудрост" на Такит.

Кое е местото на етиката во системот на науките? Според Вико, суштината на човечките науки е да се дисецира „анатомијата на начинот на кој функционира природата", и тоа важи за сите науки, вклучително и за етиката. Неговиот принцип за verum-factum го транспонира како во математиката и во природните науки, така и во етиката. Овој принцип е создаден врз основа на двете максими на Вико: *verum et factum convertuntur* – вистинитото и создаденото/направеното/конструираното се конвертибилни; *verum esse ipsum factum* – вистината е точно она од што нешто е создадено/направено/конструирано. Вико ја истакнува специфичната врска меѓу вистината и конститутитвните елементи на стварта, било да е од физичка, математичка или етичка природа. Вистината се потврдува низ креацијата и инвенцијата, а не преку набљудувањето. Науката, според него, треба да претставува дисциплина со која се „дисецира" анатомијата на делата на природата (*DA*, I, 2), тоа е дисекција на елементите веќе дадени и зависни од Бог, а кон кои човекот нема директен пристап. Накратко, науката претставува процес на спознавање како едно нешто е направено/создадено/конструирано. Во теориско-познавателна смисла, Вико поставува еден вид конструктивистичка теорија на познанието. Но, човековото разбирање на овие нешта не е само colligere – прибирање на елементите на нештата, туку minuere – дисецирање на нешата со цел да ги разбере. Според него, оваа дисекција подразбира анализа на причините (за „дејството") преку кое нештата се направени/создадени/конструирани, не давајќи некакви заднински метафизички објаснувања до кои нема пристап.

Она што е карактеристично за етиката, како најдолна наука на скалата на науките (после математиката, механиката, физиката, медицината и логиката) е тоа што таа е најмалку подложна на формална анализа. Токму поради тоа, таа најмногу се потпира на концепт како што е φρόνησις. Елементите на етичкото не можат да се сфатат со методите на дисекцијата, и затоа, според Вико, таа многу повеќе се доближува до con-scientia, она што е партикуларно и индивидуирано, отколку до scientia, она што е универзално и вечно. Сепак, етиката не се исклучува од правилото за реконструирањето на етичката реалност, но ова

реконструирање е повеќе поетичко, отколку техничко. Практичката мудрост, φρόνησις, е дисекција на реалноста во смисла дека од бесконечната на околностите таа се обидува да ја сфати ситуацијата, да ги редуцира околностите, но не арбитрарно, туку промислено. Човекот не ги создава етичките elementa, туку ги реструктурира во согласност со етичката цел. И моралното знаење е еден вид реконструкција, и покрај тоа што не е можно целосно да се реконструира етичката реалност.

Ваквата креативна и продуктивна улога на испитувањето, ја носи ingenium. Ingenium е способноста преку која човекот може да поврзува различни и диспаратни нешта (*DA*, VII. 4); способност, според Вико, карактеристична само за човекот. Како што истакнува и Мајнер, Вико на ingenium ѝ придава естетичка димензија (Miner, 1998, 69). Таа ја претставува човечката способност да ги увиди пропорциите на нештата и да препознае што со што се согласува, што е убаво или грдо. На тој начин Вико ја одржува поврзаноста на уметноста и геометријата затоа што смета дека нивниот извор е заеднички. Во етичката реалност, пак, ingenium ја претставува специфичната способност со која етичкиот дејствител истовремено ги издвојува најзначајните аспекти на ситуацијата, но и ги консултира априорните категории. Со помош на заемното дејство на φρόνησις и на ingenium, дејствителот може да конструира соодветен опис на етичката ситуација, степен во етичкото одлучување кој е исклучително важен[2]. Етичките ситуации не се секогаш јасно дадени; важно е да се истакнат значајните аспекти на ситуациите, треба да се одберат соодветните споредни аспекти, а, исто така, и да се земат предвид соодветните категории. Целиот овој процес претставува дело на ingenium – да се следат кривите линии на животот по секогаш одново осмислени и конструирани принципи, низ кои доаѓа до израз креативноста на дејствителот. Токму оваа конструктивна способност на ingenium, која Вико ја разликува од способноста да се следат стриктните методолошки правила, ја спротивставува на картезијанскиот метод. Во овој аспект, тој застанува зад Аристотел наспроти Декарт поради топичката практична полезност на категориите.

[2] Φρόνησις и ingenium Вико најпрво ги поврзува низ нивната етимологија која навестува нивно лоцирање во одреден дел од телото – φρόνησις е во срцето, а ingenium во градите. Тоа значи дека без ingenium, φρόνησις не би била возможна.

Нужноста од регулација на ingenium од страна на ars topica ќе биде појасна од анализата во продолжение.

## Ars topica и φρόνησις

Специфичниот аспект кој Вико го воведува во Аристотеловиот концепт за φρόνησις е eloquentia. И кај Аристотел φρόνησις е значаен дел од реториката, но кај Вико повлечена е строга паралела помеѓу овие два концепта. Специфичната нишка која се провлекува низ двата концепта е ars topica.

Ars topica е вештина на расудување врз основа на општи места (topoi или loci communes) и sensus communis[3] со цел да се добие заклучок кој најдобро одговара на дадената ситуација. Оваа вештина дозволува повикување на цел спектар на важни општи места кои се релевантни за еден поединечен случај. Според Вико, топиката е вештина за изнаоѓање на средниот термин, вештина која изостанува во умот кој е образуван во духот на логиката и критичкото расудување. Во оваа смисла, ars topica е вештината со која се изнаоѓа трет термин кој игра улога на среден термин што ги поврзува класите на други два термина. Според Верен, средниот термин реферира на самокохерентноста на мислата, на способноста концептуално да се поврзат мислите. Преку него се увидува способноста на умот да разбере една мисла со тоа што ќе ја поврзе со одредена соодветна или нова група на мисли (Verene, 1981, 48). Тоа е општо место кое често добива форма на максима или претставува ентимема претпоставена од сите. Во реторички контекст, тоа е општото место кое ја поврзува намерата на говорникот и на слушателите, имено, заедничката основа од која говорникот ги извлекува врските на термините во своите заклучоци и врз која се добива согласноста на слушателите.

[3] Според Вико, „sensus communis е суд без рефлексија, споделен од една цела класа, еден цел народ, или целата човекова раса“ (*SN*, I. 42). Верен смета дека сфаќањето на Вико за sensus communis е различно од Декартовото *bon sens* или Локовиот *common sense*, кои претставуваат средства за проторационално, критичко расудување. Sensus communis на Вико примарно го означува сензибилитетот кој ги одржува сите човечки групи како заедници, и претставува сензибилитет кој сите го споделуваат (Verene, 2013, 239-240). Вико го идентификува sensus communis како мерило и за eloquentia и за φρόνησις.

Вико смета дека на модерното образование му недостасува ars topica, која ја поттикнува употребата на имагинацијата и на меморијата во организирањето на еден говор што треба да прерасне во елоквентно убедување. Сепак, Вико не ја ограничува ars topica само на реториката и на правото. Нејзиното негување, според Вико, е потребно за креативно откривање и брзо дејствување во секоја сфера. Синтетичкото расудување, кое Вико го припишува на ars topica, е неопходно за секоја наука.

Повторно низ ars topica Вико го критикува природонаучниот метод насочен кон аналитичкото мислење и кон моделот на физиката. И покрај тоа што општите места можат да се набројат во еден каталог, самата ars topica не може да се научи од учебниците. Особено е критичен кон Декарт и присвојувањето на неговиот метод од страна на Арно и Никол во рамки на логиката од Пор-Роајал, метод во кој нема место за ars topica, а каде особено се инсистира ars critica, вештината за критичко расудување. Вико не може да се одлучи дали да застане цврсто само зад ars topica или само зад ars critica, но во педагошки контекст смета дека ars topica треба да има предност пред ars critica (*De Nostri*, III, 19). Низ неа треба да се потенцира значајноста на изложувањето, убедувањето и задоволството во учењето, на имагинацијата и меморијата, кои се нужни за учењето, сложеното расудување и откривањето на вистината. Откако ќе се навлезе во реторичкото, поетското, уметничкото образование, кои ја развиваат меморијата и имагинацијата, учениците ќе можат да изучуваат логика, алгебра и геометрија. Оние кои ја негуваат критичката наклонетост откако поминале низ образовен процес на ars topica ќе бидат во подобра позиција одново и самостојно да расудуваат за она за што биле подучени. Сепак, од методолошки аспект и двете вештини имаат своја улога и особено значајно е тие да се надополнуваат. Широчината и преобилноста на topica треба да биде проверувана од прецизноста на critica. Вико се стреми да направи модел кој ќе ги поврзе и двете вештини, затоа што ниту инвенцијата без расудување, ниту расудувањето без инвенција не можат да бидат извесни. Топиката ги открива нештата и ги напластува, додека критиката ги раздвојува и дел од нив отфрлува; според Вико, топичките вештини се поплодни, но помалку вистинити, а критичките се повистинити, но стерилни.

И покрај тоа што ars topica е вештина – τέχνη, а не φρόνησις, сепак, таа е значајна за нејзиното функционирање, затоа што ја обезбедува практичката мудрост со истовремено разбирање на ситуацијата и способност за брзина и подготвеност во одлучувањето. Така, и на реторот му се потребни разбирање и брзина за да го одбрани обвинетиот или на лекарот за успешното лекување на пациентот. Ако лекарот ниту ја разбере конкретната ситуација, ниту дејствува брзо, последиците ќе бидат фатални. Затоа φρόνιμος – практичниот мудрец, има потреба од ars topica.

Eloquentia заедно со ars topica играат значајна улога, истовремено и во когнитивниот, и во волевиот аспект на практичкото расудување. Имено, Вико ја покажува Аристотеловата практичко-силогистичка поента низ реторички контекст. Вико не ја прифаќа етиката на која ѝ недостасува моќ да (само)убеди, да ја трансформира желбата и да поттикне на дејствување. Практичкото расудување мора да резултира со (само)убедување кое завршува со дејство. Во таа смисла, врската на eloquentia и на φρόνησις што Вико постојано ја прави се заснова на неколку нивни заеднички точки: и двете се занимаваат со партикуларните ситуации, притоа имајќи предвид широк дијапазон на состојби, имаат тенденција да убедат, реферираат кон страстите, и имаат потреба од остроумност.

Сепак, Вико предупредува на опасноста од навлегување во скептицизам затоа што и ars topica, а и φρόνησις, припаѓаат на сферата на контингентното и веројатното каде можните насоки за дејствување произлегуваат од валидни аргументи за двете можни опции, и за опцијата про и за опцијата контра. И ars topica, а и φρόνησις, се во потрага по вистината, вистина која не нужно е аподиктична. Вико го наведува случајот со Карнеад кој бил мајстор на топичката вештина и кој често знаел да докажува контрарни тези. Вико забележува: „Ваквото заклучување [на Карнеад, Ј.П.] се раѓа од фактот што вистината е една, веројатностите многу, а лажностите бескрајно многу“ (*De Nostri*, III, 18). За да не се извлечат софистички или скептички насоки на практичкото расудување, мора да се исцртаат барем контурите на границите на ars topica. Сепак, како што истакнува и Лолини, можност за извесност постои, и тоа тогаш кога добро ќе се искомбинираат invenire на ars topica со iudicare на ars critica. То-

гаш се создава tertia ars, низ via synthetica (како спротивност на via analytica), што претставува филозофски увид (Lollini, S25).

**Φρόνησις како providentia**

Реконструкцијата на историските пројавувања на јазиците, системите на уредувања, како и на концептите, Вико во *Нова наука* ја спроведува низ една метафизичка и теолошка призма. И реконструкцијата на φρόνησις оди во таа насока, но во голема мера се претопува во оваа метафизичко-теолошка слика при што φρόνησις добива нова димензија. Како што целата историја е манифестација на провидението (providentia) во светот, така и φρόνησις на ниво на индивидуална активност станува елемент кој кореспондира со провидението. Според Понс, историјата не е таа која треба да подучува на φρόνησις, всушност, самата историја претставува реализирана φρόνησις, затоа што божественото провидение е во нејзината основа (Pons, 443)[4]. Така, prudentia станува реализирана providentia. Φρόνησις сега ја претставува способноста да се реконструира божественото кое се пројавува во историјата, имено, да се чита историјата и да се проникнува во нејзините универзални закони кои подлежат на сите општества. Φρόνιμος треба да се оспособи да може да ги увиди основните закони на човековиот свет под разноликоста на историските феномени кои се појавуваат во трите периоди на „идеалната вечна историја“: периодот на боговите, периодот на хероите и периодот на луѓето. Само познанието на целината низ историското може да доведе до вистинскиот φρόνησις.

Во кратките белешки-додаток кон *Нова наука* наречени „Practica“, Вико дава заклучни насоки за практикувањето на новата наука. Таму, Вико повикува на образование кое ќе ги поттикне младите да ја стекнат мудроста на живеењето во согласност со провидението.

**Заклучок**

Профилот кој Вико го скицира за φρόνησις во неговите рани дела е следниов: активирање на способноста на ingenium, заедно со конструктивната моќ на verum-factum, реализација на синтетичката

[4] Генерално, експлицитните теориски импликации од блиската поврзаност помеѓу prudentia и providentia ги изведуваат Понс (Pons, 1976) и Верен (Verene, 1981).

улога на ars topica, дополнета од критичката функција на ars critica, во специфичен етички контекст.

Вико, како и Аристотел, тргнува од претпоставката за непредвидливоста на етичката ситуација. И покрај примамливата нововековна идеја за ethica more geometrico demonstrata, Вико не само што ја истакнува неизвесноста на етичката реалност, туку и ја поставува песимистичката теза дека етичките elementa во крајна смисла не можат да бидат реконструирани. Затоа, чистиот интелект е неспособен пред случајноста која владее со човековиот живот. Како за градителите од Лезбос, така и за доблесниот дејствител – линијарот кој ја мери реалноста мора да се сообразува со неа со секое ново мерење. Императивот кој практичкиот мудрец – врвниот авторитет во човечките нешта, треба да го следи е: проникнување во поединечното низ категоријалното. Но, ова не е просто употребување на правилото врз поединечниот случај; тоа е поетичка дисекција на реалноста, увидување на пропорции, споредување на сличности, поврзување на различности, издвојување на она што е важно, одбирање на соодветни категории, (само)убедување, и сето тоа со цел најдобро да се расуди за една поединечна ситуација.

Но, освен етичката, φρόνησις кај Вико добива и поширока концепциска улога. Φρόνησις-мислењето и расудувањето е она кое се спротивставува на чистото апстрактно мислење, мислење кое е отворено кон контекстот, кон случајното, кон имагинацијата и меморијата, кон трансформацијата, кон убедувањето, кон поетичкото, кон човечкото.

Вико го предвидува „интелектуалниот варваризам“, но не насетува дека тој стои на почетокот на модерното време кое ќе трае неколку века. Модерните концепции на „теоријата“ ќе го заземат приматот, а суштината на φρόνησις ќе биде изгубена или дискредитирана од академијата, и покрај тоа што ќе се појават обиди за нејзино ревитализирање во не толку академските рефлексии. Денешнината полека почнува да се сеќава на φρόνησις и би било соодветно доколку се наврати кон Виковите дисекции, особено затоа што во голема мера наликуваат на нејзината дијагноза.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

*DA*. Vico, G. (1988) *On the Most Ancient Wisdom of the Italians Unearthed from the Origins of the Latin Language*, Trans. L. M. Palmer. Ithaca&London: Cornell University Press.

*De Nostri*. Vico, G. (1990) *On the Study Methods of Our Time*. Trans. Elio Gienturco. Ithaca&London: Cornell University Press.

Levine, M. N. "Giambattista Vico and the Quarrel between the Ancients and the Moderns". *Journal of the History of Ideas* 52(1): 55-79.

Lila, M. (1993) "G. B. Vico: The antimodernist." *The Wilson Quarterly* 17(3): 32-39.

Lollini, M. (2012) "On Becoming Human: The *Verum Factum* Principle and Giambattista Vico's Humanism". *MLN*, 127(1): S21-S31.

Miner, R. C. (1998) "*Verum-factum* and Practical Wisdom in the Early Writings of Giambattista Vico". *Journal of the History of Ideas* 59(1): 53-73.

Miner, R. C. (2002) *Vico, Genealogist of Modernity*. Notre Dame: University of Notre Dame Press.

*NE*. Аристотел. (2003) *Никомахова етика*. Прев. Елена Колева. Скопје: Три.

Pons, A. (1976) "Prudence and Providence: The Practica della Scienza Nuova and the Problem of Theory and Practice in Vico". G. Tagliacozzo & D. P. Verene. (eds.) *Giambattista Vico's Science of Humanity.* Baltimore and London: The John Hopkins University Press, 431-448.

*SN*. Vico, G. (1948) *The New Science*. T. G. Bergin, M. H. Fisch. New York: Cornell University Press.

Verene, D. P. (2013) "Giambattista Vico's New Science of the Common Nature of the Nations" in: S. Bourgault, R. A. Sparling (eds.) *A Companion to Enlightenment Historiography*. Leiden: Brill, 217-246.

Verene, D. P. (2008) "Vichian Moral Philosophy: Prudence as Jurisprudence". *Chicago –Kent Law Review, Symposium: Recalling Vico's Lament: The Role of Prudence and Rhetoric in Law and Legal Education* 83(3): 1107-1130.

Verene, D. P. (1981) *Vico's Science of Imagination*. Ithaca&London: Cornell University Press.